РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Web: www.finki.ukim.mk, e-mail:contact@finki.ukim.mk

Врз основа на член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и одлуката за распишување на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје Изборната комисија донесе

**УПАТСТВО ЗА РАБОТА НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Со ова Упатство се утврдува работата на Изборната комисија, се утврдува изгледот на гласачкото ливче, образец на записник, начинот на гласање и пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања, записници и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

2.Изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје е составена од 5 члена од кои 2 члена од наставниот кадар на факултетот и 3 студенти.

Изборната комисија има права и обврски за успешно спроведување на студентските избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание.

3.По распишување и објавување на одлуката за избори на членови и претседател на ФСС на ФИНКИ, изборната комисија ја води целокупната постапка за успешно спроведување на изборите.

4.Кандидатите за членови во факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите по години на студии.

5.Кандидирањето на претседател е лично преку поднесување на кандидатура и програма на која даваат поддршка најмалку 30 редовни студенти од Факултетот.

6.Изборната комисија по одржување на собири по години и утврдување на кандидати, констатира кои од пријавените кандидати ги исполнуваат условите за кандидати за членови на ФСС и го утврдува изгледот на гласачкото ливче и редоследот на кандидатите.

7.По завршување на рокот за пријавување на кандидатура за претседател на ФСС, изборната комисија констатира кои од пријавените кандидати ги исполнуваат условите за претседател на ФСС и го утврдува изгледот на гласачкото ливче и редоследот на кандидатите.

8.По утврдување на кандидатите за претседател на ФСС и членови на ФСС комсијата ќе го утврди изгледот на гласачкото ливче.

9.На датумот одреден за тајно гласање, изборната комисија го спроведува гласањето во период од 08-14 часот преку електронски сите, кој гарантира анонимност.

10. Формата за електронско гласање содржи кратко упатство за начинот на гласањето и листа со кандидати за претседател и членови групирани во насоки, односно група на насоки, утврдени со одлуката на факултетот, и тоа:

- Четири претставници од насоките Примена на информатички технологии односно Примена на етехнологии
- Три претставници од насоките Софтверско инженерство и информациски системи и Software engineering and information systems
- Два претставници од сите останати насоки од додипломски и постдипломски студии

11. Во електронската форма за гласање за избор на кандидати за претседател и членови на ФСС се наведуваат имињата и презимињата на кандидатите поединечно, подредени според азбучниот ред на нивните презимиња.
Пред името и презимето на некој кандидат стои поле за избор (анг. „checkbox“). При тајното гласање за избор, студентите гласаат на тој начин што го избираат полето за избор пред името и презимето на кандидатот односно кандидатите. Може да се гласа за најмногу еден кандидат за претседател и најмногу за онолку претставници за секоја насока односно група на насоки колку што членови треба да се изберат.

Во зависност од бројот на студентите што треба да бидат избрани, студентите гласаат за точниот број на лица што треба да бидат избрани или за помал број на лица и во таков случај гласачкото ливче се смета за важечко.

12.Изгледот на гласачкото ливче, упатството за работа на изборната комисија и гласачкиот список се објавуваат на веб страната на Факултетот најмалку 48 часа пред денот на спроведување на изборите.

13. На денот на изборите, користејќи го електронскиот систем за студенти на Факултетот, се известуваат (потсетуваат) студентите кои имаат право на глас дека тој ден се спроведуваат избори.

14.Право на глас има секој студент кој се наоѓа на гласачкиот список кој е потврден од страна на изборната комисија и објавен на веб страната на Факултетот. Секој студент кој не се наоѓа на гласачкиот список може да поднесе барање за вклучување во гласачкиот список во рок до 12 часа пред почетокот на гласањето. Доколку изборната комисија утврди дека барањето за вклучување во гласачкиот список е оправдано (односно дека на студентот неоправдано му е ускратено правото за гласање) може да издаде дополнителен гласачки список и истиот да го објави на веб страната на факултетот до почеток на гласањето.

15. Гласањето за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание ќе се одржи на 30.06.2025 од 08 до 14 часот преку електронскиот систем на факултетот (survey.finki.ukim.mk).

16. Во текот на гласањето на факултетот во секое време мора да бидат присутни најмалку двајца членови на изборната комисија.

17. Изборната комисија преку системот за гласање испраќа покана до секој студент присутен на избирачкиот список пред почетокот на гласањето. Во поканата ќе има уникатен линк кој ќе го пренасочи студентот до гласачките ливчиња за електронско гласање. Линкот ќе биде активен од почетокот на периодот за гласање до остварување на правото на глас од страна на студентот или до крајот на периодот за гласање.

18. Електронското гласачкото ливче обезбедува целосна анонимност при гласањето односно не може да се следи кој студент, кога и за кого гласал. Дополнително правото на глас од страна на еден студент може да се оствари само еднаш.

19. За секое прекршување, злоупотреба или попречување на гласањето ќе биде поднесена пријава во МВР против сторителот на истото, и за инволвираните студенти ќе биде побарано изрекување на најстрога казна од страна на дисциплинската комисија на Факултетот за сторена тешка дисциплинска повреда согласно член 39 од Статутот на Универзитетот.

20. По спроведеното тајно електронско гласање изборната комисија пристапува кон увид во софтверски пребројаните гласови за претседател и членови на ФСС со цел да се утврди кои кандидати имаат најголем број на гласови, односно:

- Од најголемата студиска програма (ПЕТ, ПИТ) 4 претставника

- Од втората по големина студиска програма (СИИС, SEIS) 3 претставника
- Од сите останати студиски програми од додипломски и постдипломски студии до 2 претставника

21.Во случај на еднаков број гласови за одредени кандидати и тоа кога нивниот број го преминува предвидениот број на членови кој треба да бидат избрани, избран ќе биде кандидатот со поголем број на освоени ЕКТС кредити.

По сумирање на гласовите се составува записник.

22.Резултатите од гласањето се објавуваат на веб страната најдоцна следниот ден од гласањето и на огласна табла на факултетот.

23.Целокупната документација од изборната постапка претседателот на изборната комисија ја предава во архивата на факултетот и истата се чува 1 година од завршување на студентските избори.

24.Увид во изборната документација има секој редовен студент кој учествувал во изборите со поднесување на писмено барање до архивата на Факултетот.

Изборна комисија

1. Доц. д-р Александар Стојменски, претседател
2. М-р Димитар Китановски, член
3. Мартин Ристоски, студент
4. Бојана Јанческа, студент
5. Пеце Георгиев, студент